**ДП.бр.12-4-12/2024**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Кети Арсова извршител, како заменик Претседател на Дисциплинска комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Основен суд Гостивар и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, на главен претрес одржан на ден 29.10.2024 година, во присуство на извршител С.П. од Т. и бранителите на извршителот, адвокат З.Т. од Г. и адвокат Е.Ц. од К., го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**ПРЕДЛОГОТ** за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, против извршител С.П. од Т., **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител С.П. од Т. именуван за подрачјето на Основен суд Т., по наводите од точка еден, два и три од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, и тоа:

1. За сторена дисциплинска повреда **по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување**(„Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23):„склучува договори во свое име за други лица, или во туѓо име за себе, или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител, спротивно на овој закон.“ и „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето”, па му се изрекува дисциплинска мерка, Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци;
2. За сторена дисциплинска повреда по **член 65 став 1 алинеја 20 од Законот за извршување** („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23): „при преземање на дејствија сторил повреда која како таква е пропишана со друг закон“, па му се изрекува дисциплинска мерка, Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од три месеци; и
3. За сторена дисциплинска повреда по **член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување** („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23) „Ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите”, па му се изрекува дисциплинска мерка, Јавна опомена.

Согласно член 62 став 1 точка г) од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23), врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка му одмерува единствена дисциплинска мерка, **Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци**.

*Образложение*

На ден 04.10.2024 година Претседателот на КИРСМ, поднесе до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-12/1, со наводи дека извршител С.П. од Т. сторил дисциплински повреди предвидени со член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување, дисциплинска повреда предвидена со член 65 став 1 алинеја 20 од Законот за извршување и дисциплинска повреда по член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување.

Во точка еден од Предлогот, предлагачот наведува дека извршител С.П. од Т., постапил спротивно на член 24, 25, 28 став 4 и член 44 од Законот за извршување:„Со врачување на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства на извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа";„Извршување заради остварување на парично побарување може да се изврши само со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартии од вредност и удели во трговски друштва, пренос на парично побарување, претворање во пари на други имотни права и пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно со прописите за платен промет";„Предмет на извршување заради намирување на парично побарување може да биде секој должников предмет, имотно право, и недвижност запишана во катастарот на недвижности, што со закон не се изземени од извршување, односно доколку извршувањето врз нив не е ограничено со закон."; „Извршител или заменик на извршител не може да презема дејствија во конкретен предмет, ако: е странка, законски застапник или полномошник на странката......" и сторил дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување, кога постапувајќи по извршен предмет И.бр.1988/2015 на поранешен извршител З.М. од Т. во периодот во периодот од 28.10.2022 година до 02.12.2023 година, во својата канцеларија од должник М.Н. од Т. во готово со Каса – прими, примал одреден износ на девизи- ЕВРА и истото го евидентирал во 6 (шест) Службени белешки И.бр.1988/2015, и тоа: на ден 28.10.2022 година во 13:00 часот дека примил --- евра; на ден 02.12.2022 година во 13:30 часот, дека примил --- евра; на ден 31.01.2023 година во 12:15 часот, дека примил --- евра; на ден 10.03.2023 година во 14:00 часот, дека примил --- евра; на ден 10.04.2023 година во 13:00 часот, дека примил --- евра и на ден 02.12.2023 година во 15:00 часот дека примил --- евра. Следствено по прием на евра, како потврда за прием на одреден износ на евра, извршител С.П. на должник М.Н. од Т. му давал „Каса Прими" во својата канцеларија, и тоа на ден: 28.10.2022 година; 02.12.2022 година; 31.01.2023 година; 10.03.2023 година, 10.04.2023 година и на ден 22.12.2023 година. Во шестте Службени белешки извршителот нотирал дека тој се обврзува примениот износ, по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден да ги уплати на својата посебна сметка со бр.------------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Извршителот С.П. од Т.во периодот од 28.10.2022 година до 02.12.2023 година уплаќал износ на денари на својата посебна транскациска сметка, во име на должник М.Н. од Т., со назнака:„ уплата по И.бр.1988/2015 за М. Н.", заради намирување на парично побарување кое доверител НЛБ Т.Б.АД Скопје, го има спрема должник М.Н. од Т., по извршна исправа Решение УПДР бр.----/12 од 06.10.2012 година на нотар И.С. од Т., и по кое се спроведува постапка за извршување пред извршител С.П. од Т., и тоа на ден 28.10.2022 година уплатил износ од ---.000,00 денари; на ден 05.12.2022 година уплатил износ од ---.000,00 денари; ден 01.02.2023 година уплатил износ од ----.500,00 денари; на ден 13.03.2023 година уплатил износ од ---.000,00 денари; на ден 11.04.2023 година уплатил износ од ---.000,00 денари и на ден 25.12.2023 година уплатил износ од ---.950,00 денари. Извршител С.П. од Т. во шестте случаи, се

обврзал веднаш или наредниот ден да го уплати примениот износ на евра во денари (по предходна конверзија) за предмет И.бр.1988/2015, но истото не го направил во три случаи, како и во сите шест случаи не уплатил износ кој во денарска противвредност одговара на средниот курс на НБ на РСМ на денот на пресметување и уплата. Во точка еден од Предлогот се наведува дека постојат отстапувања и тоа: на ден 28.10.2022 година примил ---- евра, истиот ден на својата посебна трансакциска сметка улатил износ од ---.000,00 денари, но среден курс на 1 евро во денари на ден 28.10.2022 година е 61.6950 x --- = ---.508,5 денари (извод бр.169 за промените и состојбата на сметка --------- на ден 28/10/2022 година); на ден 02.12.2022 година примил --- евра, на третиот ден од прием 05.12.2022 година уплатил на својата трансакциска сметка износ од ----.000 денари, а среден курс на 1 евро во денари на ден 05.12.2022 година е 61.6944 x --- = ---.508,32 денари; на ден 31.01.2023 година примил --- евра, наредниот дена 01.02.2023 година уплатил на својата трансакциска сметка износ од ---.500,00 денари, а среден курс на 1 евро во денари на ден 01.02.2023 година е 61.6974 x ---- = ---.509,25 денари; на ден 10.03.2023 година примил --- евра, на третиот ден од прием 13.03.2023 година уплатил износ од ---.000,00 денари, а среден курс на 1 евро во денари на ден 13.03.2023 година е 61.6782 x --- = ---.503,46 денари (извод бр.58 за промените и состојбата на сметка --------- на ден 13/03/2024 година); на ден 10.04.2023 година примил --- евра, наредниот дена 11.04.2023 година уплатил на својата трансакциска сметка износ од ---.000 денари, а среден курс на 1 евро во денари на ден 11.04.2023 година е 61.6950 x ---- = ---.508,5 денари; и на ден 22.12.2023 година извршителот примил --- евра од должникот, на третиот ден од прием - 25.12.2023 година уплатил на својата посебна сметка за предмет И.бр.1988/2015 износ од ---.950,00 денари, а среден курс на 1 евро во денари на ден 25.12.2023 година е 61.4950 x --- = 30.747,5 денари (извод бр. 279 за промените и состојбата на сметка ----------------- на ден 25/12/2023 година).

Во точка еден од Предлогот се наведува дека извршител С.П. се однесувал и постапувал како да е законски застапник или полномошник на должник М.Н од Т., како и незаконито располагал со примените паричните средства што ги примил од должникот во текот на извршувањето по предмет И.бр.1988/2015, кога во периодот од 28.10.2022 година до 25.12.2023 година примените парични средства од должник М.Н.- евра, тој се обврзал да ги конвертира во денари и во име на должникот тој за предмет И.бр.1988/2015 уплаќал денари на својата посебна трансакциска сметка, со назнака:„ уплата по И.бр.1988/2015 за М.Н.“, дозволувајќи плаќањето на долгот, должникот да не го изврши со уплата на готови пари на неговата посебна трансакциска сметка. Предлагачот во точка 1 од Предлогот наведува и дека во Законот за извршување таксативно се наведени начините за наплата на долг кој е парично побарување, како и што може а што неможе да биде предмет за извршување заради наплата на парично побарување, дека готовите пари од должник што ќе бидат попишани при попис на подвижни предмети веднаш извршителот ги предава во судски депозит и дека извршителот не може да презема дејствија во конкретен предмет, ако е законски застапник или полномошник на странката. Извршител С.П. се договорил со должник М.Н., без согласност од доверител НЛБ Т.Б. АД Скопје долгот по предмет И.бр.1988/2015, должникот да го исплати на повеќе месечни рати, кое како начин на извршување заради наплата на парично побарување, не е определено со одредбите од Законот за извршување, како и дополнително се договорил за начинот на плаќање односно уплата на долгот по предмет И.бр.1988/2015 и извршувањето го спроведувал врз предмет/и -девизи- ЕВРА, чие извршување врз истите е ограничено со закон.

Во точка два од Предлогот, предлагачот наведува дека извршител С.П. од Т.постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015, преземал дејствија кои не се дозволени и значат повреда на одредби од други важечки закони во РСМ, особено постапил спротивно на: член 2 став 1 точки 1,2,3 и 4, член 10, член 20 став 3 и член 22 став 4 од Законот за платен промет; член 4 став 6 член 31 став 2,3,4 и 7 од Законот за девизно работење и член 72 и член 81 од Законот за парнична постапка, кога постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015 на поранешен извршител З.М. од Т., заради наплата на парично

побарување, во периодот од 28.10.2022 година до 02.12.2023 година се согласил и дозволил должник М.Н. од Т. плаќањето на долгот по предмет И.бр.1988/2015, да го врши во готово и во евра, избегнувајќи го плаќањето преку трансакциска сметка и во денари, што е спротивно на член 2 и 10 од Законот за платен промет, каде е определено дека само преку трансакциска сметка и во денари е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет. Денарот е платежно средство во РСМ, а извршител С.П. од должник М.Н. од Т. во готово со Каса – прими во својата канцеларија примал износи на девизи- ЕВРА, кои останале неевидентирани во платниот промет на РСМ, како начин за плаќање на долг по предмет И.бр.1988/2015, и тоа: на ден 28.10.2022 година примил ---- евра; на ден 02.12.2022 година примил --- евра; на ден 31.01.2023 примил --- евра; на ден 10.03.2023 година примил --- евра; на ден 10.04.2023 година примил --- евра и на ден 02.12.2023 година примил --- евра. Приемот на евра го евидентирал во 6 (шест) Службени белешки И.бр.1988/2015 и во истите нотирал дека извршителот се обврзува примениот износ, да го конверзија во денари и денарите веднаш или првиот нареден ден, ќе ги уплати на својата посебна сметка со бр.--------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во списите од предмет И.бр.1988/2015 нема запис за начинот, местото и времето на конверзија на евра во денари од страна на извршител С.П., но постапката на прием на девизи и нивна конверзија во денари надвор од платниот промет, е постапка спротина на одредбите од Законот за платен промет, каде е определено дека САМО носителот на платен промет може да врши конверзија од девизи во денари, на учесникот на платен промет- ДОЛЖНИК, кој должи по решение за присилна наплата, а доколку правно лице кое е учесник во платниот промет од било кој основ прими готовина (во денари, а само од должник странец во девизи) мора да ги уплати најдоцна наредниот ден на својата трансакциска сметка. Извршител С.П. од Т., применените девизи, конверзијата во денари и уплатата на денари на неговата посебна трансакциска сметка, не ја извршил на начин определен со закон и како што се договорил со должникот, веднаш или наредниот ден од прим. Отстапување сторил кога на ден 02.12.2022 година примил --- евра, на третиот ден од прием- 05.12.2022 година уплатил на својата трансакциска сметка износ од ---.000 денари; на ден 10.03.2023 година примил ---- евра, на третиот ден од прием -13.03.2023 година уплатил износ од ----.000,00 денари и на ден 22.12.2023 година извршителот примил --- евра од должникот, на третиот ден од прием - 25.12.2023 година уплатил на својата посебна сметка за предмет И.бр.1988/2015 износ од ---.950,00 денари.

Во точка два од Предлогот се наведува дека во Законот за девизно работење е определено дека НБ на РМ го пропишува начинот и условите под кои се врши купување и продавање на странски платежни средства (на девизи, ефективни странски пари, чекови, кредитни писма кои гласаат на странска валута...). Употреба на девизи е дозволено само за врдносно изразување на договорите помеѓу резидентите при што валутата на извршување е денар (член 4 став 6). Овластените банки склучуваат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка, како и во свое име и за туѓа сметка, а другите субјекти можат да склучат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка само со субјекти кои за вршење на таквите работи предходно добиле одобрение од НБ на РМ. Резидентите кои не се овластени банки и менувачници на девизниот пазар купуваат странски платежни средства за плаќање во странство и продаваат странски платежни средства врз основа на наплати од странство( член 31 ст.2,3, 4 и 7). Извршителот како лице со јавни овластувања е обврзан пред започнување со работа, независно од редовната сметка, да отвори посебна сметка кај еден од носителите на платен промет на која ќе се уплатуваат единствено парите од реализираното извршување и ќе се користат исклучиво за намирување на доверителите (член 36 став 5 од Законот за извршување). Извршителот не е правно лице на кое му е дозволено и определено со закон да прима готови пари како дневен пазар од должник/ци заради плаќање на долг по извршен/ни предмет/и, и истите тој да ги уплаќа на својата трансакциска сметка, како што тоа го правел извршител С.П. за предмет И.бр.1988/2015 (член 20 став 3 од Законот за платен промет). Извршител С.П.во својата канцеларија на

рака примал готови пари-девизи-евра од должник М.Н. од Т. (кој не е странец), а посебната сметка на извршителот не е девизна туку е денарска сметка, дозволувајќи плаќањето на долгот за предмет И.бр.1988/2015 должникот да не го изврши со уплата на готови пари на неговата посебна трансакциска сметка. Извршителот требал да го подучи должникот дека уплатата за долг по извршен предмет, треба да ја изврши само должник, на посебна сметка на извршителот, кај некој од носителите на платен промет во РСМ, со уплата на денари. Видно, од ваквото постапување на извршител С.П., може да се согледа дека во платниот промет на РСМ единствено останува евиденција дека извршител С.П. од Т., во периодот од 28.10.2022 година до 02.12.2023 година врши плаќање (уплата на готови пари – денари на трансакциска сметка) за долг по предмет И.бр.1988/2015, кој го има должник М.Н. од Т., спрема доверител НЛБ Т.Б. АД Скопје, со уплата на денари на посебната трансакциска сметка на извршител С.П. од Т. Извршителот не е полномошник ниту законски застапник на должникот за да во име на должникот уплаќа паричен износ на својата посебна транскциска сметка, со назнака- за уплата на долг по одреден предмет. Евидентно од доставените изводи во предмет, очигледна е претпостапката дека извршител С.П. и по сосема други предмети, секојдневно постапува на истиот начин.

Исто така, во точка два од Предлогот се наведува дека во Законот за парнична постапка во член 72 и член 81 ст.1 е определно кога, како и кој може да биде законски застапник и полномошник на странката, а извршителот ниту може ниту смее да биде или да се однесува како законски застапник и полномошник на должник во постапка на присилно извршување, како што тоа го правел извршител С.П.при неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015. Предвид погоре наведеното извршител С.П. од Т. при преземање на дејствија по предмет И.бр.1988/2015, постапил спротивно: на член 2 став 1 точки 1,2,3 и 4, член 10, член 20 став 3 и член 22 став 4 од Законот за платен промет: „Платен промет -се плаќања во денари што ги вршат учесниците во платниот промет преку носителите на платниот промет; Учесник во платниот промет -е домашно или странско, правно или физичко лице кое врши регистрирана дејност или друго физичко лице кое врши плаќања во денари преку носителите на платниот промет; Плаќање- е уплата во готови пари на трансакциска сметка....Трансакциска сметка – е сметка која претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет, а преку кој истиот врши плаќање“; член 10: „Платниот промет се извршува единствено преку трансакциска сметка кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки. Не е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциска сметка.; член 20 став 3: Ученикот во платниот промет- правно лице е должен сите парични средства од дневен пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот ден на својата трансакциска сметка.; и член 22 став 4: Доколку учесникот во платниот промет- должник на денарските сметки нема средства за целосно извршување на решението за присилна наплата, носителот на платниот промет со примена на среден курс на Народна Банка кој важи на денот на трансакцијата, врши конверзија во денари на средствата од девизната сметка и пренос на денарската сметка на учесникот во платниот промет- должник до износот потребен за целосно извршување на решението за присилна наплата.“; на член 4 став 6 член 31 став 2,3,4 и 7 од Законот за девизно работење: „Се забранува наплата или исплата во ефективни странски пари на побарување меѓу резиденти. Овластените банки склучуваат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка, како и во свое име и за туѓа сметка. Другите субјекти можат да склучат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка само со субјекти кои за вршење на такви работи предходно добиле одобрение од Н.Б. на РМ. Резиденти кои не се овластени банки и менувачници на девизниот пазар, купуваат странски платежни средства за плаќање во странство и продаваат странски платежни средства врз основа на наплати од странство. НБ на РМ го пропишува начинот и условите под кои се врши купување и продавање на странски средства во Република Македонија.“; и член 72 и 81 ст.1 од Законот за парнична постапка:„Странката која нема парнична способност ја

застапува нејзиниот законски застапник. Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежниот државен орган. Полномошник на странка може да биде: адвокат, лице- дипломиран правник кое со странката е во работен однос и роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, доколку е потполно деловно способен.“

Во точка три од Предлогот, извршител С.П. од Т. се товари дека постапил спротивно на член 4 став 1 точка б) од Кодексот на професионална етика:„Извршителот е должен во однесувањето спрема Комората, да одговори навремено на барањата на Комората” а в.в. член 66 став 2 од Статутот на КИРСМ: „Непочитување на одредбите од Кодексот за професионална етика на извршителите претставува дисциплинска повреда “и член 57 став 1 од ЗИ: „Извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење предвидено со закон, подзаконски акти и акти на Комората, со кои се уредува работењето на извршителот.“ и сторил дисциплинска повреда по член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување:„ ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите.”, на начин што во периодот од 21.05.2024 година до 11.06.2024 година до Комората на извршители на РСМ не доставил Одговор по претставка УПП.бр.12-3-59/1 од 21.05.2024 година, доставена до КИРСМ од подносител М.Н. преку полномошник адвокат С. З. од Т., против работата на извршител С.П. во врска со предмет И.бр.1988/2015, иако од страна на Комората истата била доставена по електронски пат на ден 21.05.2024 година со Барање за произнесување, во рок од 3 дена од прием. Одговор на претставка извршителот доставил во КИРСМ на ден 11.06.2024 година по изминати 20 дена од денот на доставена до него претставка и Барање за произнесување како и доставени 2 (две) Ургенции од страна на КИРСМ, на ден 03.06.2024 година и на ден 04.06.2024 година. Предлагачот во точка 3 наведува и дека извршителот С.П. несовесно постапил и во периодот од 17.06.2024 година до 09.07.2024 година кога по доставениот Одговор по претставка УПП бр.12-3-59/3, Комората на извршители на РСМ во два наврати, и тоа на ден 17.06.2024 година и на ден 02.07.2024 година по електронски пат до извршителот доставил Барање за дополнување на одговорот на претставка УПП.бр.12-3-59/3 од 11.06.2024 година, по што извршителот на ден 09.07.2024 година по изминати 21 ден до Комората доставил Одговор на барањето за прецизирање. Извршителот С.П. несовесно постапил и во периодот од 29.07.2024 година до 02.09.2024 година кога ја игнорира својата Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр. 03-452/2 од 30.07.2024 година, кој записник е составен на ден 29.07.2024 година при вршењето на надзор по предмет И.бр.1988/2015 во канцеларија на извршител С.П., од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооеднавено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. На денот на надзорот извршителот изјавил дека: „Изводите од сметки (кога врши уплати за предмет И.бр.1988/2015 – вкупно 8) не можа да ги достави заради заштита на лич.податоци на другите уплаќачи и дека истите дополнително ќе ги достави до КИРСМ со прецртани генералии од други уплати и исплати, во рок од 8 дена.“ Предлагачот во предлогот наведува дека извршителот С.П. не постапи во рок од 8 дена, согласно своја изјава дадена на записник туку по изминати 32 дена, достави до КИРСМ само 5 изводи од побараните 8 и тоа: извод со број 112 од 19.08.2022 година, со уплатен износ од ---.700,00 денари; извод со број 141 од 26.09.2022 година со уплатен износ од ---.600,00 денари; извод бој 169 од 28.10.2022 година, со уплатен износ од ---.000,00 денари; извод број 58 од 13.03.2023 година со уплатен износ од ---.000, денари и извод број 279 од 25.12.2203 година со уплатен износ од ----.950,00денари.

Претседателот на КИРСМ сметајќи дека извршителот С.П. од Т. сторил дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување, дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 20 од ЗИ и дисциплинска повреда по член 64 став 1 алинеја 2 од ЗИ и предлага на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ да поведе дисциплинска постапка против извршител С.П. од Т., заради утврдување на дисциплинска одговорност и побара истата да изрече соодветна санкција согласност со одредбите од Законот за извршување. Претседателот на

Комората како овластен предлагач, во прилог на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, достави списи како докази.

Извршител С.П. од Т., преку адвокат З.Т. од Г., во својот писмен Одговор на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка на Претседател на КИРСМ доставен до Дисциплинската комисија при КИРСМ на ден 15.10.2024 година, наведе дека Претседателот на Комората со поднесување на Предлогот ја злоупотребил својата позиција затоа што Предлогот излегува вон границите на доставената Претставка од должник М.Н. од Т. по предмет И.бр.1988/15, истата се однесува на повреди на Тарифа односно дека пријавениот извршител не го намалил главниот долг иако тој како должник уплаќал суми на пари. Должник М.Н. од Т. во претставката во ниеден момент и на никаков начин не го доведувал во прашање начинот на кој што се наплатени паричните средства како и за висината и за начинот на уплата. Понатаму, во одговорот се наведува дека извршител може дисциплински да одговара само доколку е исполнет условот пропишан во член 57 ст.2 и 3 од ЗИ кој се однесува на нестручно и несовесно постапува, а тој услов е сторена штета, но дека штета сторена од извршителот - нема бидејќи од должникот е извршен износ **преку заплена** на готови пари, спрема должникот не е наплатен износ кој што не го должи, дека доверителот е делумно исплатен и дека штета не е констатирана со Записник од страна на Комисијата на КИРСМ при извршена контрола. Законот за извршување упатува на тоа да се наплати долгот на начин што ќе го избере извршителот и средство кое е најповолно за должникот. Во ситуација која по предметот немало никаква наплата 7 години, должникот по прием на налогот по член 96 од ЗИ, пристапил и согласно економичноста на постапката барањето на должникот за делумна исплата на долгот на повеќе месечни рати, ја сметал како целисходна за самата постапка. Наведува дека небулозно е Службената белешка да се третира како договор бидејќи истата нема обврзувачки карактер. Службената белешка е склучена на барање на должникот за исплата на долгот на рати и дека за истото усно е известен доверителот. Што се однесува до вториот дел од точка 1 од предлогот во која се наведува дека извршителот нестручно располагал со запленетите готови пари, извршителот во одговорот наведвува дека наводите не се во целост проверени и терминолошки противзанотито располагање претставува појава кога извршителот запленетите пари би ги искористил за некоја друга намена, за себе или за друг, да ги вложи во банка со цел да добие некој интерес или да купи нешто во свое име или во туѓо име со тие пари. Во конкретниот случај запленетите пари се уплатени на посебната сметка на извршителот согласно член 36 став 5 од ЗИ, и истите правилно се распределени. По однос на точка 2 од Предлогот, извршителот во одговорот наведува дека е апсурдно да се тврди дека сторил повреда на други закони бидејќи во член 11 алинеја 11 од ЗИ, е наведено дека извршителот може да заплени готови пари кои ги поседува должникот, а под готови пари се подразбираат и пари во странска валута. Девизите се запленети од страна на извршител согласно ЗИ и како такви претставуваат средство за извршување. Во одговорот наведува дека суштината е доколку готовите пари ги запленил со Записник во тој случај нема повреда на Законот за девизно работење, а суштински извршителот не прима туку зема готови пари и дека „греши“ (во наводници) само во начинот на кој ја врши заплената, односно наместо да ги заплени готовите пари со Записник истото го врши со Службена белешка, но дека тоа го направил од принципот на правичност, да не го стави должникот на дополнителни и непотребни трошоци. Во одговорот извршителот наведува дека Претседателот на КИРСМ со предлогот инсинуира повреди на други закони на перфиден и малициозен начин и дека Дисциплинската комисија нема никакво право да утврдува повреда на друг Закон освен на Законот за извршување, од единствена причина што доколку навистина е повреден Законот за девизното работење и Законот за платен промет, тогаш таа повреда треба да е констатирана и утврдена во друга соодветна постапка пред други надлежни органи. Извршителот не продава услуги за да несмее да прими готови пари – девизи, тој спроведува извршување врз имот на должник вкучувајќи и готови пари- девизи и како пример наведува: „извршител не претставува малска продавница која не смее да прими готови пари –девизи за продадена трговска

стока!!!“ Како резиме се наведува дека е донесен Налог по член 96 од ЗИ и дека извршителот С.П. вршел парцијална заплена на парични средства во странска валута и истите по конверзија ги уплаќал на својата посебна сметка, а разликата од 200 до 300 денари која се спомнува во Предлогот се должи на трошоците за банкарска провизија. По однос на точка 3 од Предлогот, извршителот во одговорот наведува дека од страна на извршителот не се повредени подзаконските акти на Комората и нема повреда на член 64 ст.1 алинеја 2 од ЗИ, бидејќи предлагачот ја занемарил одредбата од член 59 ст.2 каде е јасно утврдена обврската на самиот извршител, односно дека сите докази и нивното доставување се обврски на подносителот на претставката, а не обврска на извршителот. Крајно, во одговорот извршителот се повикува на настапување на застареност за поведување на дисциплинска постапка, бидејќи првичната Службена белешка И.бр.1988/15 е издадена на ден 17.08.2022 година, а предлогот од претседелот е од ден 04.10.2024 година, со што се поминати повеќе од 2 години од наводно сторената повреда и настапила апсолутна застареност за водење на постапка, по член 69 ст.3 од ЗИ. Исто така, се наведува дека најголем дел од другите Службени белешки се издадени по веќе измината 1 година, со што е исполнето наведеното во член 69 став 1 од ЗИ.

Претседателот на Дисциплинската Комисија при КИРСМ, Славица Ацовска на ден 22.10.2024 година постапувајќи по член 9 став 1 од Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, донесе Одлука да се испитаат одредени факти односно околности во врска со дисциплинските повреди кои му се ставаат на товар на извршител С.П. од Т.од член 66 став 1 алинеја 10 и 12; од член 65 став 1 алинеја 20 и од член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување, наведени во Предлог за поведување дисциплинска постапка бр.12-4-12/1 од 04.10.2024 година, поднесен од Претседателот на КИРСМ. Член на Дисциплинската Комисија при КИРСМ, постапувајќи по Одлука на Претседател на Дисциплинската Комисија при КИРСМ, спроведе извиди и изготви Записник на ден 29.10.2024 година, со следните, Заклучоци: **1).** Предлогот за поведување на дисциплинска постапка со број 12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседателот на КИРСМ соодржи факти и околности за сторени дисциплински повреди од страна на извршител С.П. од Т. сторени при неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015, опфаќајќи го периодот од 28.10.2022 година до 02.12.2023 година. Од причина што главниот претрес е закажан за ден 29.10.2024 година, па земајќи го во предвид определеното во став 3 од член 69 од Законот за извршување: „Застареност на дисциплинската одговорност настапува во секој случај по истекот на две години од денот на сторената повреда.“, се согледува настапување на апсолутна застареност за сторена дисциплинска одговорност од страна на извршител С.П., за извршените дејствија на ден 28.10.2022 година, кои се наведени во Предлогот. Од причина што Предогот соодржи наводи за сторени дисциплински повреди сторени од страна на извршител С.П. од Т. по 28.10.2022 година, односно за периодот од **02.12.2022 година до 02.12.2023 година**, за истите не е настапена апсолутна застареност за утврдување на дисциплинска повреда и дисциплинската одговорност за извршител С.П. од Т. при неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015. **2).** Собранието на РСМ на ден 05.04.2022 година донесе Закон за платежни услуги и платни системи кој е објавен во Службен весник на РСМ бр.90 на ден 12.04.2022 година, а на ден 13.03.2024 година донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за платежни услуги и платни системи кој е објавен во Службен весник на РСМ бр.64 на ден 19.03.2024 година, со кои е определено дека со денот на започнувањето на примена на овој закон, престануваат да важи Законот за платен промет, но со исклучоци. Во Закон за изменување и дополнување на Закон за платежни услуги и платни системи, видно е одлагањето на примена на одредби од Закон за платен промет, дел на одредбите од 01.12.2024 година, дел од ден 01.11.20125 година, а дел од 01.03.2026 година. Во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка со број 12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседателот на КИРСМ соодржи факти и околности за сторени дисциплински повреди од страна на извршител С.П. од Т., по член 2 став 1 точки 1,2,3 и 4, член 10, член 20 став 3 и член 22 став 4 од **Законот за платен промет.** Од спроведени извиди се согледува дека со

одложена примена се одредбите од членовите 2 став 1 точка 4 (до 01.12.2024 година) и во целост член 10 и член 22 (до 01.11.2025 година). Земајќи го во предвид наведеното, се прифаќа односно останува во Предлогот дека извршител С.П. од Т.постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015, преземал дејствија кои не се дозволени и значат повреда на одредби од член 2 став 1 точка 4, член 10 и член 22 став 4 од **Законот за платен промет,** и тоа: член 2 став 1 точка 4„Трансакциска сметка – е сметка која претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет, а преку кој истиот врши плаќање“; член 10: „Платниот промет се извршува единствено преку трансакциска сметка кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки. Не е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциска сметка. и член 22 став 4: Доколку учесникот во платниот промет- должник на денарските сметки нема средства за целосно извршување на решението за присилна наплата, носителот на платниот промет со примена на среден курс на Народна Банка кој важи на денот на трансакцијата, врши конверзија во денари на средствата од девизната сметка и пренос на денарската сметка на учесникот во платниот промет -должник до износот потребен за целосно извршување на решението за присилна наплата.“ **3).** Управниот одбор на КИРСМ со Одлука дел.бр.02-485/14, дава иницијатива согласно член 78 ст. став 1) точка г од Законот за извршување до Претседателот на КИРСМ за поведување на дисципинска постапка против извршител С.П. од Т. во постапување по предмет И.бр.1988/15, согласно наводите во доставената претставка и доказите во прилог, одговорот од извршителот С.П., Записникот за извршена вонредна контрола по овластување на УО на КИРСМ и сите предложени докази. Предлогот од страна на Претседателот на КИРСМ е изготвен врз основ на Законот за извршување, Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка и Одлука на УО на КИРСМ дел.бр.02-485/14, а не по прием на Записник од Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооеднaчено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. **4).** По спроведени извиди се согледува дека деновите: 02.12.2022 година, 10.03.2023 година и 22.12.2023 година се ден – петок и нареден работен ден е 05.12.2022 година, 13.03.2023 година и 25.12.2023 година. Наводите истакната во Предлогот дека уплатите се вршени третиот ден од прием, треба да бидат изоставени. **5).** Од извршен увид се согледува дека извод број 58 од 13.03.2023 година со уплатен паричен износ од ----.000, денари и извод број 279 од 25.12.2203 година со уплатен паричен износ од ----.950,00денари, во списите од предмет ДП 12-4-12/2024, се единствените докази за извршени уплати за предмет И.бр.1988/2015 од страна на извршител С.П. опфаќајќи го периодот од 02.12.2022 година до 02.12.2023 година.

Пред одржување на главен претрес, согласно член 9 став 2 од Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, членот на ДК при КИРСМ, изготвениот Записник од спроведени извиди со заклучоци, на ден 29.10.2024 година го достави до заменик Претседател на ДК при КИРСМ, Кети Арсова (Претседателот на ДК при КИРСМ од оправдани причини не е присутен). Заменик Претседател на ДК при КИРСМ ги извести присутните членови на ДК при КИРСМ за одлуката на Претседателот на ДК и Заклучоците од спроведените извиди, и му даде збор на членот на Комисијата- известител по предметот кој изнесе кратка содржина на наводите во Предлог за поведување на дисциплинска постапка на Претседателот на Комора на извршители на РСМ, одговор од извршителот и заклучоците од спроведените извиди, со читање на писмен реферат по предмет ДП.бр.12-4-12/2024, согласно член 9 став 3 од Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка. Членовите на Дисциплинската комисија завзедоа став дека најпрвин ќе се разгледа основаноста на наводот дали настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка, на која што извршителот С.П. од Т.се повикува во неговиот одговор. Земајќи го во предвид определеното во член 69 став 2 од ЗИ: „ Прекин на застареноста настапува со преземање на секое дејствие што се презема заради поведување на постапка за сторената дисциплинска повреда.“, и од причина што по доставен приговор против работата на

извршител С.П. од Т. кој е доставен на ден 21.05.2024 година до КИРСМ, од страна на КИРСМ, преземени се следните дејствија, и тоа: до извршителот е доставено Барање за произнесување по претставка на ден 21.05.2024 година и 2 (две) Ургенции со барање за произнесување, на ден 03.06.2024 година и на ден 04.06.2024 година; потоа на ден 10.07.2024 година донесена е Одлука од УО на КИРСМ за формирање на Комисија за вршење надзор; на ден 29.07.2024 година – извршен е надзор од страна на Комисија во канцеларија на извршител С.П. од Т.; на ден 02.09.2024 година УО на КИРСМ дава иницијатива до Претседателот на КИРСМ за поведување на дисциплинска постапка против извршител С.П. од Т. На ден 04.10.2024 година е изготвен и доставен до ДК на КИРСМ, Предлог за поведување на дисциплинска постапка од страна на Претседател на КИРСМ. Се зема во предвид и фактот дека предметот И.бр.1988/2015 сеуште е активен и продолжува постапката пред извршител С.П. од Т. како и дека во Записник за спроведени извиди ДП.бр.12-4-12/2024 е веќе разгледана оваа околност и во заклучок број 1 е констатирано дека Предогот соодржи наводи за сторени дисциплински повреди сторени од страна на извршител С.П. од Т. за периодот од **02.12.2022 година до 02.12.2023 година**, за истите не е настапена апсолутна застареност за утврдување на дисциплинска повреда и дисциплинската одговорност за извршител С.П. од Т. за неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015. Дисциплинската комисија, постапувајќи согласно член 8 став 9 алинеја 2 од Правилникот, одлучи да не го отфрли предлогот за поведување на дисцилинска постапка поради застареност. Предогот соодржи наводи за сторени дисциплински повреди сторени од страна на извршител С.П. од Т. за периодот од 02.12.2022 година до 02.12.2023 година во точка 1 и 2 од Предлогот, за истите не е настапена апсолутна застареност за утврдување на дисциплинска повреда и дисциплинската одговорност на извршител С.П. од Т. за неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015. Се зема во предвид и фактот дека предметот И.бр.1988/2015 сеуште е активен и продолжува постапката пред извршител С.П. од Т. и преземени се дејствија од страна на Комората кои значат прекин на застареност.

Исто така, пред одржување на главен претрес, Заменикот претседател на ДК на КИРСМ, извршител Кети Арсова ги извести присутните членови на ДК при КИРСМ дека на ден 15.10.2024 година до Комората е доставен Приговор со барање од подносител С.П. преку полномошник Е.Ц., адвокат од К. и Дополнение на Приговор на ден 28.10.2024 година, по електронски пат на е-маил адресата на Комората, при крајот на работениот ден, исто така од подносител С.П. преку полномошник Е.Ц., адвокат од К. Предложи пред одржување на главен претрес да бидат разгледани овие два дописи од причина што се адресирани: „за Дисциплинската Комисија на КИРСМ“.

По разгледување на двата дописи- Приговор со барање дел.бр. 12-530/1 од 15.10.2024 година и Дополнение на Приговор дел.бр. 12-530/2 од 28.10.2024 година од подносител С.П. преку полномошник Е.Ц., адвокат од К., како и одредби од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, бр.142/16, 233/18, 14/20 и 154/23), Статутот на КИРСМ, Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка и Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15), по кратка дискусија се констатира дека Дисциплинската комисија при КИРСМ одлучува по Предлог за поведување на дисциплинска постапка поднесен од овластен подносител. Во Комората надлежен орган за постапување по Приговори односно Претставки е Претседателот на КИРСМ, односно Потпретседателот на КИРСМ, а согласно член 4 став 4 од Закон за постапување по претставки и предлози: „Претставката односно предлогот што е упатен до **ненадлежен орган**, се евидентира во евиденцијата на тој орган и без одлагање се доставува до надлежниот орган.“, од наведената причина Приговорот со барање дел.бр. 12-530/1 од 15.10.2024 година и Дополнение на Приговор дел.бр. 12-530/2 од 28.10.2024 година од подносител С.П. преку полномошник Е.Ц., адвокат од К. да ќе бидат доставени до надлежниот орган- до Претседателот на КИРСМ односно Потпретседателот на КИРСМ.

Согласно член 12 в.в со член 13 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, заменикот претседател на ДК на КИРСМ утврди дека постојат услови за одржување на главен претрес од причина што се присутни сите членови на ДК, обвинетиот-извршител уредно го примил Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и поканата за главен претрес.

На главен претрес одржан на ден 29.10.2024 година извршител С.П. од Т., пристапи со бранител, адвокат З.Т. од Г. и бранител Е.Ц., адвокат од К.. Адвокат З.Т. од Г. изјави дека во целост останува како во предходното произнесување од негова страна и на произнесувањата од адвокат Е.Ц. од К. Додаде дека во конкретниот случај неосновано се користи терминот противзаконито располагање. Подносителот на предлогот се повикува на повреди на Законот за девизно работење во кој закон во завршните одредби се предвидени прекршочни и кривични санкции при евентуална повреда на нивните одредби. Конкретно со овој начин на постапување сметаме дека неосновано се дерогира прекршочна или кривична постапка за истото да ја утврди ДК при КИРСМ. Изјави дека пријавениот како извршител по ЗИ има право да запленува готови пари а прелагачот требало да достави доказ дека Службената белешка за исплата на рати извршителот ја составил без согласност на доверителот. Истакна дека не постои штета ниту за должникот ниту за доверителот и дека после седум години од прием на предметот се започнало со реализација. Предложи предлогот на предлагачот да се одбие како неоснован.

Адвокат Е.Ц. од К. изјави дека се приклучува на се изнесеното од адвокат З.Т. и останув кон изјавеното во Приговор и Дополнение на приговор доставени до ДК при КИРСМ. Изјави дека во дополната на приговорот детално се истакнати приговори дека предлогот е нејасен со цитирање на сите законски регулативи во Законот за парнична постапка и Законот за вонпарнична постапка и на сите матерјални закони на кој се повикува предлагачот, а посебно на ЗИ и дека доставените матерјални докази не ги докажуваат дисциплинските повреди кои му се ставаат на товар на извршител С.П. Повика на фактот дека ДК при КИРСМ работи по Правилник, работи исклучиво на факти и матерјални докази, а не на претпоставки кои се наведени во Предлог за поведување на Дисциплинска постапка. Истакна дека ДК при КИРСМ треба да остане во рамките на правилникот а со оглед да истата претставка е доставена до Министерството за правда и надзорот за работата на извршителите и јасно е регулирано во член 54 од ЗИ во кој јасно произлегува дека преносот на паричните средства од посебната сметка на извршителот при реализирани трансакции на трансакционата сметка на доверителот согласно член 36 став 5 од ЗИ на која реално се повикувам од причина што таа сметка е предмет на оваа постапка произлегува дека е надлежност на МП а не на ДК при КИРСМ. Истакна дека ова е посебна сметка регулирана со закон и не подлежи на Законите од платен промет и смета дека предлагачот се има впуштено во материја во која нема ниту надлежност да оценува ниту стручна компетентност. Достави Записник за извршен надзор од страна на МП. Предлага комисијата при оценка на сите докази да донесе одлука, Предлогот да биде отфрлен по член 61 ст.1 алинеја 2 од ЗИ, односно согласно член 19 став 1 алинеја 2 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

Обвинетиот извршител С.П. од Т.изјави дека останува во целост кон изнесеното од неговите бранители.

Дисциплинската комисија на КИРСМ на одржан главен претрес на ден 29.10.2024 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-12/1 од 04.10.2024 година на Претседател на Комора на извршители за правда на РСМ;
- Претставка од М.Н. од с.Р. општина Ж., преку полномошник С.З., адвокат од Т., заведена во КИРСМ со УПП бр.12-3-59/1 од 21.05.2024година;

- Фотокопии од 8 Каса Прими, со дата: 10.04.2023година, 10.03.2023 година, 31.01.2023 година, 22.12.2023 година, 02.12.2022 година, 28.10.2022 година, 23.09.2022 година и 17.08.2022 година, од М.Н. на извршител С.П. за И.бр.1988/15 ( 3 листа);
- Барање од С.З., адвокат од Т. до извршител С.П.од 07.05.2024 година, примено во канцеларија на извршител С.П. и заведено со дата 07.05.2024 година во 12:15 час, со И.бр.1988/15;
- Известување за состојба на предмет И.бр.1988/15 од 10.05.2024 година на извршител С.П. од Т.;
- Барање за извршување од доверител НЛБ Т.Б. АД Скопје, преку пол. Б.Р.од С., против должник М.Н. од с.Р. примено во канцеларија на извршител З.М. на ден 27.11.2015 година во 12:00 часот;
- Решение УПДР бр.----/12 од 06.10.2012 година на нотар И.С. од Т. со печат на Правосилност 26.12.2012 година и извршност 26.12.2012 година;
- Полномошно, потпишано од директор на Сектор за правни работи на НЛБ Т.Б. АД Скопје, со кој го овластува адвокатска канцеларија Р.;
- Полномошно, потпишано од властодавец М.Н. од с.Р. на ден 30.04.2024 година, со кој го овластува адвокат С.З. од Т.;
- Барање за достава на прилози кон претставка, испратено од официјалниот маил на Комората до маилот на адвокат С.З., на ден 05.06.2024 година;
- Одговор на барање за претставка од 06.06.2024 година на адвокат С.З. од Т., примено во КИРСМ на ден 07.06.2024 година и заведено со УПП бр.12-3-59/2;
- УЗП 5352/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.;
- УЗП 5351/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.;
- УЗП 5350/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.;
- УЗП 5349/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.;
- УЗП 5348/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.;
- Фотокопии од 3 Каса Прими, со дата: 28.10.2022 година, 22.12.2023 година и 17.08.2022 година, од М.Н. на извршител С.П. за И.бр.1988/15 ( 1 лист);
- Одговор на приговор од 10.06.2024 година по УПП бр.12-3-59/1 за И.бр.1988/2015 од извршител С.П., примено во КИРСМ на ден 11.06.2024 година и заведено со УПП бр.12-3-59/3;
- Налог за извршување по член 86 од ЗИ, И.бр.1988/15 од 27.11.2015 година на извршител З.М. од Т.;
- Повратница од ПТТ за обид на достава на Барање за извршување и Налог по чл.86 од ЗИ, до М.Н. од с.Р., со печат од ПТТ од ден 10.12.2015 година;
- Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка врз основа на член 137 ст.1 од ЗИ, со И.бр.1988/2015 од 12.01.2016 година на извршител З.М. од Т.;
- Заклучок за запирање со извршување од сметка И.бр.1988/2015 од 12.01.2016 година на извршител Д.С. од Т. – именуван како заменик на извршител З.М. од Т.;
- Налог за извршување врз плата и други парични побарувања И.бр.1988/2015 од 17.12.2018 година на извршител Д.С. од Т. – именуван како заменик на извршител З.М. од Т.;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог по чл.141 од ЗИ, до М.Н. од с.Р., на ден 22.12.2018 година;
- Заклучок за известување на странката за попис И.бр.1988/2015 од 01.08.2022 година на извршител С.П. од Т.;
- Доставница И.бр.1988/2015 од 08.08.2022 година на извршител С.П. од Т. за обид на достава на заклучок за попис до М.Н. од с.Р., во 13:30 часот, со забелешка:„одбива да подигне";
- Службена белешка И.бр.1988/2015 на извршител С.П. од Т. од ден 17.08.2022 година, составена во канцеларија на извршителот во 10:00 часот;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 на извршител С.П. од Т. од ден 17.08.2022 година, составена во канцеларија на извршителот во 10:49 часот;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 23.09.2022 година на извршител С.П. од Т.;

- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 28.10.2022 година на извршител С.П. од Т.;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 02.12.2022 година на извршител С.П. од Т.;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 31.01.2023 година на извршител С.П. од Т.;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 10.03.2023 година на извршител С.П. од Т.;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 10.04.2023 година на извршител С.П. од Т.;
- Службена белешка И.бр.1988/2015 од 02.12.2023 година на извршител С.П. од Т.;
- Спецификација за предмет И.бр.1988/2015 од 03.06.2024 година на извршител С.П. од Т.;
- Известување за состојба на предмет И.бр.1988/2015 од 10.05.2024 година на извршител С.П. од Т.;
- Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот И.бр.1988/2015 од 10.05.2024 година на извршител С.П. од Т.;
- Известување од адвокат Л.Т. за долг по предмет И.бр.1988/2015 испратено на маил на ден 06.06.2024 година до официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Информација од извршител С.П. од Т.за долг по предмет И.бр.1988/2015 испратено на е-маил на ден 07.06.2024 година до Л.Т.;
- Барање за произнесување по претставка УПП бр.1-3-59/1, испратено од Стручна служба на КИРСМ на ден 21.05.2024 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Ургенција на Барање за произнесување по претставка УПП бр.1-3-59/1, испратено од Стручна служба на КИРСМ на ден 03.06.2024 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Ургенција на Барање за произнесување по претставка УППбр.1-3-59/1, испратено од Стручна служба на КИРСМ на ден 04.06.2024 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Барање за дополнителни на одговор по претставка УПП бр.1-3-59/1, испратено од Стручна служба на КИРСМ на ден 17.06.2024 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Барање за дополнителни на одговор по претставка УПП бр.1-3-59/1, испратено од Стручна служба на КИРСМ на ден 02.07.2024 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на извршител С.П. од Т.;
- Писмен реферат по претставка УППбр.1-3-59/1 од 21.05.2024 година, заведена во КИРСМ под УППбр.1-3-59/4 од 05.07.2024 година;
- Достава на Барање за прецизирање на Барање за произнесување УПП бр. 12-3-59/5 од 09.07.2024 година од извршител С.П.;
- Одлука дел бр. 02-424/15 од 10.07.2024 година донесена на 257-та седница на Управен одбор на КИРСМ;
- Достава на известување од Претседател на КИРСМ до адвокат С.З. од Т., заведена во КИРСМ под УППбр.1-3-59/6 од 25.07.2024 година;
- Достава на известување до извршител С.П. од Т., за вршење надзор од Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите, заведена во КИРСМ под бр.03-452/1 од 25.07.2024 година;
- Записник од извршена вонредна контрола по овластување на УО на КИРСМ, заведен во КИРСМ под бр.03-452/2 од 30.07.2024 година;
- Препис на Записник за извршена вонредна контрола по овластување на УО на КИРСМ, заведен во КИРСМ под бр. 03-452/3 од 22.08.2024 година;
- Образец/налог ПП30 У.Банка за уплата на ден 05.12.2022 година; Образец/налог ПП30 У.Банка за уплата на ден 03.02.2023 година и извадок од електронска евиденција за уплати по предмет И.бр.1988/2015 на извршител С.П. од Т. од ден 20.07.2024 година;
- Достава на Изводи од извршител С.П. доставени по електронски пат до КИРСМ од ден 02.09.2024 година со наслов- Согласно Записникот од Комисија за вонреден надзор заведено во КИРСМ под УПП.бр.12-3-59/7 од 02.09.2024 година;
- Извод бр. 112 за состојбата на сметка ---------------- на ден 19/08/2022 година;

- Извод бр. 141 за состојбата на сметка ---------------- на ден 26/09/2024 година;
- Извод бр. 169 за состојбата на сметка ---------------- на ден 28/10/2022 година;
- Извод бр. 58 за состојбата на сметка ---------------- на ден 13/03/2024 година;
- Извод бр.279 за состојбата на сметка ---------------- на ден 25/12/2023 година;
- Одлука на Управен одбор на КИРСМ дел.бр.02-485/14 од 02.09.2024 година;
- Службена белешка со бр.12-4-12/3 од 09.10.2024 година на Претседател на КИРСМ;
- Произнесување по Предлог за поведување на дисциплинска постапка од извршител ----------------, преку полномошник З.Т. -адвокат од Г., бр. 12-4-12/4 од 15.10.2024 година; и
- Записник УПП бр.09-321 од 21.10.2024 година на РСМ Министерство за правда.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одговор од извршителот на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, изјавите на одбраната, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 21.05.2024 година, до Комората на извршители на РСМ подносител М.Н. од с.Р. Општина Ж., преку полномошник С.З., адвокат од Т., доставил претставка, во врска со постапувањето на извршител С.П. од Т. по предмет И.бр.1988/2015, која била заведена во КИРСМ со УПП.бр.12-3-59/1. Во прилог на претставката подносителот доставил фотокопии од 8 Каса Прими, со дата: 10.04.2023 година, 10.03.2023 година, 31.01.2023 година, 22.12.2023 година, 02.12.2022 година, 28.10.2022 година, 23.09.2022 година и 17.08.2022 година, како и доставено Барање за состојба на долг од 07.05.2024 година од подносител М.Н. од с.Р. Општина Ж., преку полномошник С.З., адвокат од Т., до канцеларија на извршител С.П. од Т., како и Известување за состојба на предмет И.бр.1988/2015 на извршител С.П. од Т., во кој навел дека – за спроведување на извршување во вредност ---.030,00 денари, на ден 10.05.2024 година – главниот долг изнесува ---.030,00 денари и каматата на главниот долг изнесува ---.030,00 денари. Во прилог на претставката подносителот доставил фотокопија од извршна исправа УПДР бр.----/12 од 06.10.2012 година на нотар И.С.од Т., со печат на правосилност и извршност од ден 26.12.2012 година и Барање за извршување од доверител НЛБ Т.Б. АД Скопје, преку полномошник Б.Р., адвокат од С., против должник М.Н. од с.Р. Општина Ж., за спроведување на парично побарување, и тоа: за главен долг износ од ---.030,00 денари со ЗКК; трошоци на доверителот во постапката во износ од -.730,00 денари со ЗКК; трошоци по решение во износ од -.392,00 денари со ЗКК, адвокатски и извршни трошоци. Доверителот со Барањето побарал извршувањето да се спроведе од средствата на должникот на сметка на доверителот. Барањето за извршување и извршната исправа е примена во канцеларија на сега поранешен извршител З.М. од Т., на ден 27.11.2015 година и бил заведен предмет со И.бр.1988/2015.

Комората на извршители на РСМ по електронски пат на ден 21.05.2024 година ја доставила претставката до извршител С.П. со Барање за произнесување во рок од 3 дена од прием, а на ден 03.06.2024 година и на ден 04.06.2024 година, Комората на извршители на РСМ по електронски пат до извршителот С.П. доставила Ургенција со барање за произнесување во рок од 3 дена по прием по повод доставената претставка. Комората на извршители на РСМ по електронски пат на ден 05.06.2024 година се обратила до полномошникот на подносителот на претставката М.Н. од с.Р. Општина Ж., адвокат С.З., со барање да се уреди доставениот поднесок – претставка со достава на оригинали или заверен препис на „Каса прими“, на кои се повикува во поднесената претставка и доставува само фотокопии. На ден 07.06.2024 година до КИРСМ е доставен Одговор на барање за претставка од адвокат С.З. од Т., со прилог „Каса прими“ заверени на нотар и тоа: УЗП 5352/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т.(Каса Прими од 02.12.2022 година); УЗП 5348/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т (Каса Прими од 10.03.2023 година); УЗП 5351/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т (Каса Прими од 23.09.2022 година);;УЗП 5350/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С. од Т (Каса Прими од 31.01.2023 година), и УЗП 5349/2024 од 06.06.2024 година на нотар И.С.

од Т ( Каса Прими од 10.04.2023 година). Одговорот на барање од адвокат С.З., е заведен во КИРСМ со број УПП бр.12-3-59/2. Извршител С.П.на ден 11.06.2024 година доставил, Одговор на преставката и истата била заведена со УПП.бр.12-3-59/3, по што Комората на извршители на РСМ во два наврати и тоа на ден 17.06.2024 година и на ден 02.07.2024 година по електронски пат се обратила до извршител С.П. со Барање за дополнување на одговорот на претставка УПП.бр.12-3-59/3 од 11.06.2024 година, по што извршителот на ден 09.07.2024 година до Комората доставил Одговор. Од прилозите доставени кон одговор на претставка од извршител С.П. од Т. може да се согледа дека постапувајќи по Барањето за извршување извршител З.М. од Т. на ден 27.11.2015 година издал Налог за извршување врз основа на член 86 ст.1 од ЗИ и се обидел да го достави до должникот по ПТТ на ден 10.12.2015 година. Од причина што должникот не постапил по доставениот налог, извршителот З.М. на ден 12.01.2016 година издал Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка врз основа на член 137 ст.1 од ЗИ, со И.бр.1988/2015. Налогот, уредно бил доставен до банката на ден 13.01.2016 година и со истиот била блокирана со трансакциската сметка на должник М.Н., кај носителот на платен промет НЛБ Т.Б. АД Скопје. Заменик извршител Д.С. од Т. донел Заклучок за запирање со извршување од сметка И.бр.1988/2015 со кој во целост го повлекува Налогот по член 137 од ЗИ на извршител З.М. издаден на ден 12.01.2016 година, по што на ден 17.12.2018 година издал Налог за извршување врз плата и други парични побарувања И.бр.1988/2015 врз основа на член 141 од ЗИ со кој определил забрана на 1/3 од платата што должникот М.Н.од Т. ја остварува кај работодавецот Друштво за градежништво, машинско производство и трговија Е.И. ДООЕЛ Скопје. Во налогот биле наведени сите ставки за долгуваниот износ, кој на денот на издавање на налогот, е со вкупен износ од ---.495,00 денари.

На ден 01.08.2022 година, извршител С.П. по однос на предмет И.бр.1988/2015 на поранешен извршител З.М. од Т., донел Заклучок за известување на странката за попис И.бр.1988/2015 врз основа на член 96 ставите 4,5,и 6 од ЗИ, во кој навел дека заради спроведување на извршување спрема должник М.Н. од Т., со асистенција од полиција и овластен проценител се определува попис на предметите кои се наоѓаат во негова сопственост. Во Заклучокот, навел дека пописот ќе се изврши на ден 06.09.2022 година со почеток во 11 часот. Извршител С.П. на ден 08.08.2022 година во 13:30 часот се обидел лично да го достави Заклучокот за попис до должникот М.Н., на адреса- село Р., но на доставница И.бр.1988/2015 евидентирал дека должникот„одбива да подигне". На ден 17.08.2022 година во 10:00 часот извршител С.П. во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил пред извршителот дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот за негова сметка да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.-------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.---------- што се води кај У.Б. АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ. Истиот ден, 17.08.2022 година во **10:49** часот, извршител С.П. составил во својата канцеларија уште една Службена белешка со И.бр.1988/2015 во која навел дека на ден 17.08.2022 година во неговата канцеларија пристапил должникот по предмет И.бр.1988/2015-М.Н., побарал долгот по извршната исправа УПДР.бр.1472/12 од 06.10.2012 година на нотар И.С. **да го исплаќа на повеќе месечни рати, и тоа по ---- евра**, почнувајќи од 17.08.2022 година, па секој месец се до целосна исплата на долгот и дека доколку пропушти да изврши уплата согласно горенаведеното, истиот е согласен извршителот да пристапи кон одземање на неговото ПМВ и ТМВ. Извршител С.П. изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 на ден 23.09.2022 година во 12:15 часот и на ден 28.10.2022 година во 13:00 часот во кој евидентирал прием од по ---- евра од должник М.Н. во неговата канцеларија и дека истиот изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на

платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот за негова сметка да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.------------ што се води кај У. Б. АД Скопје.

На ден **02.12.2022** година во 13:30 часот извршител С.П. во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот **за негова сметка** да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.----------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.---------- што се води кај У.Б. АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ.

На ден **31.01.2023** година во 12:15 часот извршител С.П. во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот за негова сметка да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.------------ што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.---------- што се води кај У.Б. АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ.

На ден **10.03.2023** година во 14:00 часот извршител С.П. во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот за негова сметка да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.---------------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.-------------- што се води кај У.Б. АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ.

На ден **10.04.2023** година во 13:00 часот извршител С.П.во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот **за негова сметка** да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.-------------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.----------- што се води кај УНИ Банка АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ.

На ден **02.12.2023** година во 15:00 часот извршител С.П. во својата канцеларија изготвил Службена белешка И.бр.1988/2015 во која навел дека должникот М.Н. од Т. со живеалиште во село Р. пристапил во неговата канцеларија и изјавил дека не може да изврши уплата кај носителите на платен промет, па поради тоа побарал од извршителот износот од ---- евра да го остави во канцеларијата на извршителот и истиот **за негова сметка** да го уплати на посебната сметка на извршителот со бр.--------------- што се води кај У.Б. АД Скопје. Во истата Службената белешка, извршител С.П. нотирал и дека прима износ од ---- евра, кој износ по предходна конверзија во денари веднаш или првиот нареден ден ќе го уплати на својата посебна сметка со бр.---------- што се води кај У.Б. АД Скопје, согласно член 36 став 5 од ЗИ. Следствено по прием на евра, како потврда за прием на одреден износ на евра, извршител С.П. на должник М.Н. од Т. му

дал „Каса Прими“ во својата канцеларија, и тоа на ден: 17.08.2022 година; 23.09.2022 година; 28.10.2022 година; 02.12.2022 година; 31.01.2023 година; 10.03.2023 година, 10.04.2023 година и на ден 22.12.2023 година.

Извршителот С.П. од Т.**уплаќал** износ на денари на својата посебна трансакциска сметка, во име на должник М.Н. од Т., со назнака:„ уплата по И.бр.1988/2015 за М.Н.“, и тоа на ден 05.12.2022 година улатил износ од --.000,00 денари; ден 01.02.2023 година уплатил износ од --.500,00 денари; на ден 13.03.2023 година уплатил износ од --.000,00 денари; на ден 11.04.2023 година уплатил износ од --.000,00 денари и на ден 25.12.2023 година уплатил износ од --.950,00 денари, видно од извадок од електронска евиденција за уплати по предмет И.бр.1988/2015 на извршител С.П. од Т. од ден 20.07.2024 година, Образец/налог ПП30 У.Б. за уплата на ден 05.12.2022 година и Образец/налог ПП30 У.Б. за уплата на ден 03.02.2023 година и извод број 58 од 13.03.2023 година со уплатен износ од --.000, денари и извод број 279 од 25.12.2203 година со уплатен износ од --.950,00денари.

Управниот одбор на КИРСМ на 257 –та седница одржана на ден 10.07.2024 година донел одлука со која се формира Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување и правилна примена на Тарифа, за спроведување контрола на работењето на извршител С.П. по повод наводите од Претставката УПП.бр.12-3-59/1 од 21.05.2024 година од подносител М.Н. од с.Р. Општина Ж., преку полномошник С.З., адвокат од Т. против извршител С.П. од Т. и претставката со одговор е доставена до Комисијата. Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите и воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа пристапила на ден 29.07.2024 година – понеделник во 14 часот во канцеларија на извршител С.П., на ул. ----- бр.1/15 во Т.извршила надзор над работењето на извршител С.П. со увид во списи од предмет И.бр.1988/2015 по овластување на УО на КИРСМ и составила записник кој е доставен до КИРСМ на ден 30.07.2024 година и заведен со дел.бр.03-452/2. Извршителот на денот на надзорот изјавил на записник дека до КИРСМ во рок од 8 дена ќе достави изводи од сметки за извршени уплати за предмет И.бр.1988/2015.

Извршител С.П.постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015 на ден 29.07.2024 година донел Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот И.бр.1988/2015 во кој заклучок навел дека се врши поправка на Службена белешка И.бр.1988/2015 од 02.12.2023 година, на начин што: во ставот 3 и 4 броевите: 02.12.2023 година се заменува со зборвите и броевите 25.12.2023 година.

Извршител С.П. на ден **10.05.2024 година** издал Известување за состојба на предмет И.бр.1988/2015, со кое го известил должникот М.Н. од Т. дека главниот долг изнесува --.030,00 денари а каматата на главен долг изнесува ---.030,00 денари. Во известувањето извршителот навел дека вкупно останат ненамирен долг на ден на издавање на известувањето е вкупно ---.160,00 денари.

Извршител С.П. на ден **13.05.2024 година** донел Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот И.бр.1988/2015 во кој заклучок навел дека се врши поправка на Известување за состојба на предмет И.бр.1988/2015 од 10.05.2024 година, на начин што износот ---.030,00 денари за главен долг, се заменува со износ од ---.269,00 денари, износот ---.030,00 денари на име каматата на главен долг, се заменува со износ од ---.269,00 денари, како и износот во ставот 3 редот 1 страница 1 – бројот ---.160,00 денари се заменува со бројот ---.538,00 денари.

Извршител С.П. од Т. согласно Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр.03-452/2 од 30.07.2024 година, бил задолжен до КИРСМ во рок од 8 дена да достави изводи од сметки, кога врши уплати за предмет И.бр.1988/2015 со прецртани генералии од други уплати и исплати, и тоа: извод со број 112 од 19.08.2022 година, со уплатен износ од --.700,00 денари; извод со број 141 од 26.09.2022 година со уплатен износ од --.600,00 денари; извод бој 169 од 28.10.2022 година, со уплатен износ од --.000,00 денари; извод број 199 од 05.12.2022 година, со уплатен износ од --.000 денари; извод број 25 од 01.02.2023 година со уплатен износ од --.500

денари; извод број 58 од 13.03.2023 година со уплатен износ од --.000,00 денари; извод со број 80 од 11.04.2023 година со уплатен износ од --.000,00 денари и извод број 279 од 25.12.2023 година, со уплатен износ од --.950,00денари, кои биле цел на надзор на ден 29.07.2024 година од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. По изминување на месец дена, извршител С.П. од Т. до КИРСМ, доставил 5 изводи од побараните 8 и тоа: извод со број 112 од 19.08.2022година, со уплатен износ од --.700,00 денари; извод со број 141 од 26.09.2022 година со уплатен износ од --.600,00 денари; извод бој 169 од 28.10.2022 година, со уплатен износ од --.000,00 денари; извод број 58 од 13.03.2023 годинс со уплатен износ од --.000, денари и извод број 279 од 25.12.2023 година, со уплатен износ од ---.950,00денари.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 1 и 2 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка, согласно фактичката состојба и документација утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда: "склучува договори во свое име за други лица, или во туѓо име за себе, или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител, спротивно на овој закон" ; „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето" по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од Законот за извршување, како и ја сторил дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 20 од Законот за извршување:„при преземање на дејствија сторил повреда која како таква е пропишана со друг закон ", на начин што извршител С.П. постапувајќи по извршен предмет И.бр.1988/2015 на поранешен извршител З.М. од Т., заради намирување на парично побарување, во периодот од 02.12.2022 година до 02.12.2023 година, во пет наврати во својата канцеларија од должник М.Н. од Т. во готово, со Каса прими, примил готови пари во странска валута и тоа на ден: 02.12.2022 година примил --- евра, 31.01.2023 година примил --- евра, 10.03.2023 година примил --- евра, 10.04.2023 година примил --- евра и на ден 02.12.2023 година примил ---евра, истото го евидентирал во Службени белешки, а на должникот му давал „Каса Прими" како потврда за примениот паричен износ во странска валута, со што се согласил и дозволил должник М.Н. од Т. плаќањето на долгот по предмет И.бр.1988/2015, да го врши во готово и во евра, избегнувајќи го плаќањето преку посебната трансакциска сметка и во денари, што видно ваквото постапување на извршителот е спротивно на одредбите од ЗИ, согласно кои извршителот е должен да ги прими уплатите од должникот на својата посебна сметка во денари. Не се прифаќа одбраната на Извршител С.П. дека во својата канцеларија вршел континуирана заплена на готови пари од должникот М.Н. од причина што истата е неоснована. Ваква заплена на готови пари од должник, согласно одредбите од ЗИ чл 99 ст. 4 може да се врши во постапка на закажан попис констатирано во Записник за попис и пленидба и запленетите готови пари веднаш да се предадат во судски депозит. Извршител С.П. во периодот од 02.12.2022 година до 02.12.2023 година, во пет наврати самиот на себеси си уплаќал износи на денари на својата посебна транскациска сметка, за својот предмет со И.бр.1988/2015, односно правното лице-извршител С.П. уплаќал на посебната сметка на извршител С.П. износи на денари, со назнака:„уплата по И.бр.1988/2015 за М.Н.", што видно ваквото постапување на извршителот не значи спроведување на постапка на присилна наплата на парично побарување од доверител спрема должник по предмет кој се води пред извршител, согласно одредбите од Законот за извршување. Исто така, се согледува дека извршител С.П. при своето постапување по предмет И.бр.1988/2015 се однесувал како да е законски застапник или полномошник на должникот од причина што уплатата на трансакциска сметка за паричниот долг на М.Н., го вршел тој во име на должникот, а согласно одредбите од ЗИ извршителот е должен да ги прими уплатите од должникот на својата посебна сметка, како и извршител не може да презема дејствија во конкретен предмет, ако: е странка, законски застапник или полномошник на странката...Иако во Службените белешки е наведено дека извршителот се обврзува примените девизи да ги конверзира во денари, за истото не се приложуваат докази, но се констаира дека

уплатениот износ на денари не одговарал на односот на примени девизи, на денот на уплатата. ДК при КИРСМ утврди дека со се погорнаведено, извршител С.П. постапил спротивно на **член 24, член 25, член 28 став 4 и член 44 од Законот за извршување**: „Со врачување на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства на извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа";„Извршување заради остварување на **парично побарување** може да се изврши **само** со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартии од вредност и удели во трговски друштва, пренос на парично побарување, претворање во пари на други имотни права и пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно со прописите за платен промет";„Предмет на извршување заради намирување на парично побарување може да биде секој должников предмет, имотно право, и недвижност запишана во катастарот на недвижности, што со закон не се изземени од извршување, односно доколку извршувањето врз нив не е ограничено со закон."; „Извршител или заменик на извршител не може да презема дејствија во конкретен предмет, ако: е странка, законски застапник или полномошник на странката......".

ДК при КИРСМ согласно фактичката состојба и документација утврди дека извршител С.П. од Т. постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015, преземал дејствија кои не се дозволени и значат повреда на одредби од други важечки закони во РСМ, особено на Законот за платен промет, Законот за девизно работење и Законот за парнична постапка, и ја сторил дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 20 од Законот за извршување:„при преземање на дејствија сторил повреда која како таква е пропишана со друг закон ", кога постапувајќи по предмет И.бр.1988/2015 на поранешен извршител З.М. од Т., заради наплата на парично побарување, во периодот од 02.12.2022 година до 02.12.2023 година се согласил и дозволил должник М.Н. од Т. плаќањето на долгот по предмет И.бр.1988/2015, да го врши во готово и во евра, избегнувајќи го плаќањето преку трансакциска сметка и во денари. Денарот е платежно средство во РСМ, а извршител С.П. од должник М.Н. од Т. на рака во својата канцеларија примал износи на девизи, кои останале неевидентирани во платниот промет на РСМ, како начин за плаќање на долг по предмет И.бр.1988/2015, а потоа извршителот уплаќал денари на својата посебна трансакциска сметка со назнака:„уплата по И.бр.1988/2015 за М.Н.", со што се согледува дека извршител С.П. постапил спротивно од пропишаното во член 2 став 1 точки 4, член 10 и член 22 став 4 од **Законот за платен промет.** ДК при КИРСМ утврди дека во **Законот за девизно работење** е определено односно пропишано дека Народната Банка на РМ го пропишува начинот и условите под кои се врши купување и продавање на странски платежни средства( на девизи, ефективни странски пари, чекови, кредитни писма кои гласаат на странска валута...). Употреба на девизи е дозволено само за врдносно изразување на договорите помеѓу резидентите при што валутата на извршување е денар. Овластените банки склучуваат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка, како и во свое име и за туѓа сметка, а другите субјекти можат да склучат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка само со субјекти кои за вршење на таквите работи предходно добиле одобрение од НБ на РМ. Резидентите кои не се овластени банки и менувачници на девизниот пазар купуваат странски платежни средства за плаќање во странство и продаваат странски платежни средства врз основа на наплати од странство. Извршителот како лице со јавни овластувања е обврзан пред започнување со работа, независно од редовната сметка, да отвори посебна сметка кај еден од носителите на платен промет на која ќе се уплатуваат единствено парите од реализираното извршување и ќе се користат исклучиво за намирување на доверителите (член 36 став 5 од Законот за извршување). Извршителот не е правно лице на кое му е дозволено и определено со закон да прима готови пари- девизи и истите тој да ги конверзира од девизи во денари и потоа денарите да ги уплаќа на својата трансакциска сметка, како што тоа го правел извршител С.П. за предмет И.бр.1988/2015. Согласно наведеното ДК при КИРСМ согледува дека извршител С.П. постапил спротивно од

пропишаното во член 4 став 6 член 31 став 2,3,4 и 7 од Законот за девизно работење. Во член 72 и 81 ст.1 од **Законот за парнична постапка** е пропишано дека :„Странката која нема парнична способност ја застапува нејзиниот законски застапник. Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежниот државен орган. Полномошник на странка може да биде: адвокат, лице- дипломиран правник кое со странката е во работен однос и роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, доколку е потполно деловно способен.", што значи дека со закон е определно кога, како и кој може да биде законски застапник и полномошник на странката, а извршителот ниту може ниту смее да биде или да се однесува како законски застапник и полномошник на должник во постапка на присилно извршување, како што тоа го правел извршител С.П. при неговото постапување по предмет И.бр.1988/2015. ДК при КИРСМ утврди дека погоренаведените дејствија **се пропишани како повреди, и тоа:** на член 2 став 1 точки 4, член 10 и член 22 став 4 од **Законот за платен промет**: „Трансакциска сметка – е сметка која претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет, а преку кој истиот врши плаќање"; член 10: „Платниот промет се извршува единствено преку трансакциска сметка кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки. Не е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциска сметка.; и член 22 став 4: „Доколку учесникот во платниот промет-должник на денарските сметки нема средства за целосно извршување на решението за присилна наплата, носителот на платниот промет со примена на среден курс на Народна Банка кој важи на денот на трансакцијата, врши конверзија во денари на средствата од девизната сметка и пренос на денарската сметка на учесникот во платниот промет-должник до износот потребен за целосно извршување на решението за присилна наплата.". Извршител С.П. постапувал спротивно и на пропишаното во член 4 став 6 член 31 став 2,3,4 и 7 од **Законот за девизно работење**: „Се забранува наплата или исплата во ефективни странски пари на побарување меѓу резиденти. Овластените банки склучуваат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка, како и во свое име и за туѓа сметка. Другите субјекти можат да склучат трансакции за купување и продавање на странски платежни средства во свое име и за своја сметка само со субјекти кои за вршење на такви работи предходно добиле одобрение од Народна Банка на РМ. Резиденти кои не се овластени банки и менувачници на девизниот пазар, купуваат странски платежни средства за плаќање во странство и продаваат странски платежни средства врз основа на наплати од странство. НБ на РМ го пропишува начинот и условите под кои се врши купување и продавање на странски средства во Република Македонија."; како и извршителот постапувал спротивно на пропишаното во член 72 и 81 ст.1 од **Законот за парнична** постапка е пропишано дека:„Странката која нема парнична способност ја застапува нејзиниот законски застапник. Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежниот државен орган. Полномошник на странка може да биде: адвокат, лице- дипломиран правник кое со странката е во работен однос и роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, доколку е потполно деловно способен."

Дисциплинската комисија при КИРСМ, утврди дека извршителот С.П. од Т. ја сторил дисциплинската повреда опишана во точка 3 од Предлог за поведување дисциплинска постапка, по член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување:„ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите" кога во периодот **од 21.05.2024 година до 11.06.2024** година до Комората на извршители на РСМ не доставил Одговор по претставка УПП.бр.12-3-59/1 од 21.05.2024 година, доставена до КИРСМ од подносител М.Н. преку полномошник адвокат С.З. од Т., против работата на извршител С.П. во врска со предмет И.бр.1988/2015, иако од страна на Комората истата била доставена по електронски пат на ден 21.05.2024 година со Барање за произнесување, во рок од 3 дена од прием. Одговор на претставка извршителот доставил во КИРСМ на ден 11.06.2024 година по изминати 20 дена од денот на доставена до него претставка и Барање за произнесување како и доставени 2

(две) Ургенции од страна на КИРСМ, на ден 03.06.2024 година и на ден 04.06.2024 година. Извршителот С.П. несовесно постапил и во периодот **од 17.06.2024 година до 09.07.2024 година** кога по доставениот Одговор по претставка УПП бр.12-3-59/3, Комората на извршители на РСМ во два наврати, и тоа на ден 17.06.2024 година и на ден 02.07.2024 година по електронски пат до извршителот доставил Барање за дополнување на одговорот на претставка УПП.бр.12-3-59/3 од 11.06.2024 година, по што извршителот на ден 09.07.2024 година по изминати 21 ден до Комората доставил Одговор на барањето за прецизирање. Извршителот С.П. несовесно постапил и во периодот **од 29.07.2024 година до 02.09.2024 година** кога ја игнорирал својата Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр. 03-452/2 од 30.07.2024 година, кој записник е составен на ден 29.07.2024 година при вршењето на надзор по предмет И.бр.1988/2015 во канцеларија на извршител С.П. од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооеднaчено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. На денот на надзорот извршителот изјавил дека: „Изводите од сметки (кога врши уплати за предмет И.бр.1988/2015 – вкупно 8) не можа да ги достави заради заштита на лич.податоци на другите уплаќачи и дека истите дополнително ќе ги достави до КИРСМ, со прецртани генералии од други уплати и исплати, во рок од 8 дена." Извршителот С.П. не постапил во рок од 8 дена, согласно своја изјава дадена на записник туку по изминати 32 дена, доставил до КИРСМ само 5 изводи од побараните 8, со што постапил спротивно на член 4 став 1 точка б) од Кодексот на професионална етика:„Извршителот е должен во однесувањето спрема Комората, да одговори навремено на барањата на Комората" а в.в. член 66 став 2 од Статутот на КИРСМ: „Непочитување на одредбите од Кодексот за професионална етика на извршителите претставува дисциплинска повреда "и член 57 став 1 од ЗИ: „Извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење предвидено со закон, подзаконски акти и акти на Комората, со кои се уредува работењето на извршителот." и сторил дисциплинска повреда по член 64 став 1 алинеја 2 од Законот за извршување.

ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот С.П. од Т.и за дисциплинската повреда по член 66 став 1 алинеја 10 и 12 од ЗИ му изрече дисциплинска мерка **Привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител во траење од шест месеци**, за дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 20 од ЗИ му изрече дисциплинска мерка **Привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител во траење од три месеци и за дисциплинската повреда по член** 64 став 1 алинеја 2 од ЗИ му изрече дисциплинска мерка, **јавна опомена,** па врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка му одмери единствена дисциплинска мерка **Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од шест месеци**, согласно член 62 став 1 точка г) од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23).

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителната околност дека извршителот предходно не е дисциплински казнуван, а како отежнителни околности ги зема во предвид видот и тежината на дисциплинските повреди како и околноста дека извршителот С.П. од Т. при извршувањето учествувал во правни работи во кои преземал службени дејствија како извршител спротивно на одредбите од Законот за извршување, Законот за платен промет, Законот за девизно работење, Законот за парнична постапка, како и непочитување на должноста стручно и совесно да ги применува одредбите од Законот за извршување и подзаконските акти на Комората и да се однесува на начин што ќе го штити и придонесува за угледот на професијата извршител и на Комората на извршители на РСМ.

Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРСМ на ден 29.10.2024 година согласно чл. 58, чл.60 став 1 в.в. чл. 62 став 1 точка г) и чл.68 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на Р. Македонија" бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) одлучи како во изреката на ова решение.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Заменик Претседател,
Кети Арсова

______________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРСМ
Извршител С.П. од Т.
Министерство за правда на РСМ
Архива